Врз основа на член 57 од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2021), Националниот совет за медијација (во понатамошниот текст: Советот) на седницата одржана на 23.03.2023 година донесе

## Правилник за Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Советот да поднесат барање за акредитација на програми

### Видови на акредитирани програми за обука на медијатори

член 1

Акредитацијата на програми за обука на медијатори се однесува на следните видови обуки:

1. Програма за основна обука за медијатори,
2. Програма за обука на медијатори во специфични области и
3. Програма за обука за обучувачи на медијатори

За секоја од предвидените програми се поднесува посебна апликација односно барање за акредитација на програма до Советот.

Програмите за обуки мора да се засновани врз интеграција на теоријата и праксата.

Одржаните предавања од страна на предавачите и организацијата на обуките, подлежат на евалуација од страна на кандидатите кои следеле обуки, без оглед на видот на обуката.

Советот најмалку еднаш во 5 години врши евалуација и мониторинг на квалитетот на спроведувањето на акредитираната програма за обука на медијатори со право истата да ја продолжи или одземе во зависност од резултатите на евалуацијата.

член 2

**Со Програма за основна обука за медијатори** - се стекнуваат основни сознанија за медијацијата, за постапката, фазите на медијацијата, техники и вештини при извршувањето на медијаторските работи, како и основни знаења за законската регулатива со која се уредува областа на медијацијата.

Следењето на основната обука на медијатори е предуслов за полагање на испитот за медијатори од страна на кандидати кои за прв пат се пријавуваат за полагање на испитот за медијатори заради стекнување лиценца за извршување медијаторски работи.

член 3

**Со Програма за обука на медијатори во специфични области** - се стекнуваат знаења за медијација, вештини, методи и техники за вршењето на медијаторски работи во специфична област, доколку медијаторот претходно има проследено основна обука и се стекнал со лиценца за медијатор и ги исполнува условите за вршење на медијаторски работи според посебни закони кои ја уредуваат специфичната област за која медијаторот е заинтересиран и има афинитети да извршува медијаторски работи во таа област.

Програмата за обука на медијатори во специфични области се однесува на веќе лиценцирани медијатори кои имаат искуство и покажани позитивни резултати во примената на медијацијата во специфична област (медијатор во стопански спорови, медијатор во потрошувачки спорови, медијатор во Законот за правда на децата, во работни спорови, во осигурителни спорови, во спорови во врска со дискриминацијата, семејни спорови итн.)

член 4

Со **Програма за обука за обучувачи на медијатори** - се стекнуваат знаења, методи, техники, вештини за обучувач кој ќе може да одржува обука на медијатори кои имаат намера да аплицираат за обучувачи на медијатори (при спроведување на основна обука, обука за специфични области, за континуирана едукација на медијатори и за обучувачи на медијатори).

**Времетраење на обуките според програми кои се акредитираат од Советот**

член 5

**Основната обука на медијатори** според програмата предвидена во член 2 од овој Правилник е во времетраење од 70 часа.
Еден час се одржува во времетраење од 45 минути.
Основната обука за медијатори се одржува во временски период кој што не може да биде пократок од 12 дена, односно не подолг од 60 дена од денот кога е започната обуката.
Организацијата на распоредот на часови да се изврши така што во текот на еден ден предвиден за обуката може да се одржат најмногу 10 часа.

член 6

**Обуката на медијатори во специфични области**, според програмата предвидена во член 3 од овој Правилник е во времетраење од 32 часа.
Еден час се одржува во времетраење од 45 минути, како училишен час.
Обуката за медијатори во специфични области се одржува во временски период кој што не може да биде пократок од 7 дена, односно не подолг од 30 дена од денот кога е започната обуката.
Организацијата на распоредот на часови да се изврши така што во текот на еден ден предвиден за обуката може да се одржат најмногу 10 часа.

член 7

**Обуката на обучувачи на медијатори**, според програмата предвидена во член 5 од овој Правилник е во времетраење од 32 часа.
Еден час се одржува во времетраење од 45 минути.
Обуката за обучувачи на медијатори се одржува во временски период кој што не може да биде пократок од 7 дена, односно не подолг од 30 дена од денот кога е започната обуката.
Организацијата на распоредот на часови да се изврши така што во текот на еден ден предвиден за обуката може да се одржат најмногу 10 часа.

член 8

За сите горенаведени обуки на учесниците во обуката им се издава сертификат од обучувачот во кој се наведува видот на обуката која е проследена, име и презиме на учесникот, време и место на одржување.

Теоретската настава од сите наведени обуки може да се спроведува онлајн, додека практичната настава се спроведува само со физичко присуство на кандидатите.

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

## Лица кои можат да аплицираат за акредитација на програми за обука на медијатори и лица кои ги спроведуваат обуките

член 9

Барање за акредитација на програма за обука на медијатори (основна, во специфична област и за обука за обучувачи) до Советот можат да поднесат домашни и странски правни лица регистрирани/запишани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат условите за доделување на акредитација на програми за обука согласно со членот 62 од Законот за медијација (*).
Обуките според предвидените програми кои ќе ги акредитира Советот, се спроведуваат исклучиво од обучувачи на медијатори, од редот на лицата запишани во Регистарот на обучувачи на медијатори кои поседуваат лиценца за обучувач на медијатори, објавен на веб страницата на Министерството за правда, како и од лица (истакнати стручни лица од практиката од соодветна област од значење за медијацијата).
Обуките по однос на предвидените програми кои се акредитирани од Советот, можат да ги спроведат и странски обучувачи.
За спроведените обуки лицата од ставот (2) на овој член имаат право на надомест од страна на учесниците на обуката кои треба да ги надоместат трошоците за организирање на теоретскиот и практичниот дел на обуката, материјалите за обука, награда за обучувачите и тренерите на практичниот дел на обуката.
Советот со посебен акт го утврдува минималниот износ на надомест по учесник, за спроведување на обуките за медијација од ставот (2) на овој член.

## Услови за акредитација на програма за основна обука на медијатори

член 10

Лицата од член 9 од овој Правилник кон барањето за акредитација на програма до Советот, задолжително поднесуваат:

- доказ за уплата на реално потребните трошоци за акредитација на програми за обука на медијатори согласно со Тарифникот за висината на реално направените трошоци за акредитација на програми, донесен од Советот, по претходно добиена согласност од Владата,
- извод од тековна состојба во Централен регистар на Република Северна Македонија за барателот на акредитација на програма за обука на медијатори,
- изјава на овластеното лице заверена на нотар, дека секоја организирана обука ќе се спроведе најмалку од тројца обучувачи кои поседуваат лиценца за обучувач на медијатори и се запишани во Регистарот на обучувачи, кој го води Министерството, според работен материјал кој соодветствува на програмата и кој ќе биде обезбеден за секој пријавен кандидат кој ќе ја следи обуката за која се пријавил,
- изјава од овластеното лице, заверена на нотар дека секоја организирана обука ќе се спроведе во просторни услови/предавална, кои обезбедуваат минимум затворен простор од 1,5 м2 за секој кандидат и најмалку 8 м2 слободен простор наменет за предавањата, со опрема за изведување на теоретска и практична настава, кој соодветствува на потребите на спроведување на обуката. Изјавата од став 1 алинеја 4 се доставува до Советот непосредно пред спроведувањето на секоја закажана обука за медијатори,
- Договор за користење на деловниот простор каде ќе се одржува обуката,

- Предлог Програма за соодветната обука за која се поднесува апликација за акредитација, во која се наведени времетраењето, начинот, условите, содржината и утврдениот распоред на одржување на часовите, распоредот на обучувачите, согласно Законот за медијација (*) и условите утврдени со Законот за медијација (*) и со овој Правилник на Советот.

**Реализација на закажана обука за медијатори**

член 11

Правното лице на кое му е доделена акредитација за определена програма за одржување на обука, според Законот за медијација (*) и овој Правилник, должно е, пред да отпочне обуката, да пријави до Советот дека ќе спроведува обука со поднесување писмена објава со планиран ден на отпочнување на обуката, во која ќе изјави дека обуката ќе ја спроведе согласно условите за акредитација.
Советот има право по добивањето на пријавата од ставот 1 на овој член, да изврши увид во условите и начинот како обуката се спроведува и да укаже, односно побара утврдените услови да се почитуваат. За таа цел Советот може да формира Комисија составена од 3 члена на Советот.
Комисијата составува Записник за исполнетоста на условите за спроведување обука кој го потпишуваат сите членови на комисијата и правното лице кое ја спроведува обуката и истиот се доставува до Советот на првата наредна седница.
Доколку Комисијата утврди дека не се исполнети воопшто или се нецелосно исполнети минимум условите за спроведување обука, ќе му определи дополнителен временски рок на правнотолице кое треба да ја спроведува обуката, истите да ги исполни.
Правното лице кое ја спроведува обуката е должно да достави известување до Советот дека постапило по укажувањето на Комисијата во одредениот рок за постапување. Доколку правното лице не постапи по укажувањето на Комисијата во одредениот рок истото нема да може да ја организира/спроведува обуката.

член 12

По завршувањето на обуката за која Советот издал акредитација, лицето кое ја спровело обуката, на кандидатите кои во целост ја проследиле обуката, задолжително им издава Сертификат за посетена обука, што содржи: назив на акредитираната програма за обука, место и време на одржувањето на обуката, основни податоци за кандидатот, име и презиме и потпис на обучувачите, како и печат на правното лице кое е акредитирано за спроведување на обуката.
Сертификат се издава на кандидатите кои во целост ја проследиле обуката, односно на кандидатите кои поради оправдани причини отсуствувале најмногу пет часа (за основна обука).
Доколку определен кандидат отсуствувал од оправдани причини подолго од пет часа во текот на спроведувањето на основна обука, има право пропуштените часови да ги надополни со барање за дополнително проследување на делот од обуката кој го пропуштил, на сопствен трошок, по што ќе му биде издаден сертификатот.
Правното лице кое ја спровело обуката, до Советот доставува писмен извештај за спроведената обука со прилог список на учесници кои ја завршиле обуката, односно се откажале или не ја завршиле обуката и листи за евалуација од кандидатите и тоа најдоцна во рок од седум дена по завршување на обуката.

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

## Упис на програма за обука за медијатори

член 13

Програмата која ќе биде акредитирана од страна на Советот, ќе се запише во Регистарот на акредитирани програми за обуки на медијатори кој согласно член 60 т.4 од Законот за медијација (*) го води Советот и истиот јавно ќе се објави на веб страната на Министерството за правда на Република Северна Македонија.
Акредитираната програма не може да се менува дополнува или исправа без претходно прибавена согласност од Советот.
Лицата, односно програмите на кои им е одземена лиценцата, односно акредитацијата се бришат од соодветниот регистар.

## Содржина на програмата за основна обука на медијатори и програма на обука за обучувачи

член 14

Основната обука за медијатори се состои од теоретска и практична настава.
Повикот за обука трае најмалку 20 дена и истиот задолжително се објавува на веб страната на Министерството за правда на РСМ, а може да се објави на сајтот на Комората на медијатори на РСМ, на веб страната на правното лице кое што ја добило акредитацијата за програма за обука на медијатори или на друг соодветен начин за запознавање на јавноста.
Кон објавениот јавен повик, правното лице кое ја спроведува обуката, треба да приложи и образец на пријава за кандидат на кој ќе треба да се назначи видот на обуката за кој кандидатот се пријавува и основни податоци за кандидатот кој се пријавува.

член 15

**Основната обука за медијатори ја следи следната теоретска програма:**

1. Правна рамка на медијацијата во Република Северна Македонија и ЕУ; меѓународна медијација; канцелариско работење и водење на предмети во постапката замедијација;
2. Поим и видови на вонсудско решавање на спорови; поим и начела и стилови на медијација, однос на медијацијата и судската постапка;
3. Теорија и анализа наконфликт, спор и спорен однос; филозофски, психо-социјален, социолошки и етички аспект на медијацијата;
4. Методи што ги користи медијаторот во постапката на медијација; техники што ги користи медијаторот (комуникациски вештини); фази на постапката за медијација;
5. Улога на медијаторот во постапката за медијација; улогата на полномошникот во постапката за медијација; начин на работа со страните во постапката за медијација; и пишување спогодба во постапка на медијација.

Овие програми ги содржат следните области наведени подоле согласно Правилникот за Програмата за полагање на испитот за медијатори, донесени од Министерството за правда на РСМ. (Правилник за програмата за полагање на испитот за медијатори, начинот на организирањето и полагањето на испитот, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит Сл.весник на РСМ 101/2022).

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Во рамките на сите 5 точки подоле се наведени сите теми кои треба да бидат опфатени и се составен дел на основната обука на медијатори.

1. **Правна рамка на медијацијата во Република Северна Македонија и ЕУ; меѓународна медијација; канцелариско работење и водење на предмети во постапката замедијација:**
   1.1.Помирување и посредување
   1.2.Законска рамка на медијацијата во Република СевернаМакедонија
   1.3.Медијација во спорови од облигационите односи
   1.4.Постапка на медијација во семејни спорови
   1.5.Медијација во спорови од работен однос
   1.6.Медијација во трговски спорови
   1.7.Медијација во спорови по приговор на платен налог
   1.8.Медијација во потрошувачки спорови
   1.9.Медијација во осигурителни спорови
   1.10.Медијација во спорови од областа на образованието
   1.11.Медијација во спорови за заштита на животната средина
   1.12.Медијација во спорови во врска со дискриминацијата
   1.13.Медијација во кривични спорови
   1.14.Медијација во прекршочни спорови
   1.15.Меѓународни акти со примена вомедијацијата во Република Северна Македонија
   1.16.Области на примена на медијацијата во Европската унија
   1.17.Законодавство во доменот на медијацијата во ЕУ, каде медијацијата е задолжителна или е предмет на поттикнување или санкционирање
   1.18.Меѓународна медијација согласно Законот за медијација (*) и Директивата 2008/52/ЕЗ
   1.19.Меѓународна медијација согласно Законот за парничната постапка
   1.20.Меѓународна медијација согласно Законот за меѓународно приватно право и Директивата 2008/52/ЕЗ
   1.21.Надлежност на медијаторот
   1.22.Правилници кои се однесуваат на канцелариското работење на медијаторите
   1.23.Формирање на досие /предмет намедијација
   1.24.Хронологија на уписи на предмети вомедијација
   1.25.Форма и стилови на пишување писмена
   1.26.Употреба на печат, штембил и канцелариска опрема при извршување медијаторски работи
   1.27.Доставување и прием на писмена при извршувањето на медијаторските активности
   1.28.Уредување на канцеларија за медијација
   1.29.Правила во медијацијата поврзани со канцелариското работење
   1.30.Достапност на информации за медијацијата
2. **Поим и видови на вонсудско решавање на спорови; поим и начела и стилови на медијација, однос на медијацијата и судската постапка:**
   2.1.Преговарање
   2.2.Медијација
   2.3.Арбитража
   2.4.Помирување
   2.5.Рана неутрална проценка
   2.6.Рана стручна проценка
   2.7.Минисудење
   2.8.Приватен судија

2.9.Недела за порамнување
2.10.Омбудсман
2.11.Поим на медијација
2.12.Историски развој на медијацијата
2.13.Начела намедијација
2.14.Стилови на медијација-Фасцилитативен-Евалуативенстил-Трансформативен стил
2.15.Пристап до правда и владеење направото
2.16.Спорови кои се решаваат во медијација/судска постапка
2.17.Остварување на право и постапување по задолженија преку судски одлуки
2.18.Остварување на право и постапување по задолженија во медијација
2.19.Иницирање на медијација/судска постапка
2.20.Правила во медијација/судската постапка
2.21.Кој може да иницира медијација/судска постапка
2.22.Учесници во медијација/судска постапка
2.23.Тек на медијацијата/судската постапка
2.24.Завршување на медијацијата/судската постапка

3. **Теорија и анализа наконфликт, спор и спорен однос; филозофски, психо-социјален, социолошки и етички аспект на медијацијата:**
3.1.Основни карактеристики на конфликтот и причини за неговопојавување
3.2.Услови кои создаваат конфликтни ситуации
3.3.Видови конфликти
3.4.Конфликт какопроцес
3.5.Ефекти одконфликти
3.6.Елементи на конфликт
3.7.Теорија на управување со конфликти
3.8.Стилови на одговор
3.9.Справување со конфликт
3.10.Начини за решавање на конфликтот
3.11.Однесување на решавање на конфликти
3.12.Стратегии за управување со конфликти
3.13.Конфликти во истражувачки организации
3.14.Сумирање
3.15.Потреба од контролирање или освојување(натпревар)
3.16.Избегнување или негирање
3.17.Компромис или ценкање-пазарење
3.18.Прилагодување
3.19.Соработка (победа-победа)
3.20.Пет можни исходи од конфликтот (победа/пораз/победа;пораз/пораз;победа/победа и компромис)
3.21.Медијација во организацискиот конфликт, кога се користи и кој врши медијација
3.22.Корист или придобивка од медијацијата
3.23.Предности на медијацијата како метод за решавање организациски конфликт
3.24.Филозофски аспект на медијацијата
3.25.Психо-социјален аспект на медијацијата
3.26.Социолошки и етички аспект на медијацијата

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

4. **Методи што ги користи медијаторот во постапката на медијација; техники што ги користи медијаторот (комуникациски вештини); фази на постапката замедијација:**
   4.1.Поим, предмет и составни делови на методологијата
   4.2.Оперативно технички дел на научнио тметод
   4.3.Класификација на научниот метод
   4.4.Методи спрема податоците-Собирање-Класификација-Обработка-Заклучување
   4.5.Основни методи што му се на располагање на медијаторот во постапка за медијација-Основни методи -анализа и синтеза-Основни методи –апстракција иконкретизација-Основни методи –генерализација испецијализација-Основни методи –индукција и дедукција
   4.6.Практична примена на методи во постапка намедијација-Метод на усмено изложување- монолог како најстараметода-Метод н аразговор-Метод на работа сотекст-Демонстрација како метод-Директен разговор -интервју-Набљудување
   4.7.Извештај
   4.8.Комуникација во постапка замедијација
   4.9.Видови на комуникација вомедијација
   4.10.Слушање во медијација
   4.11.Бариери во комуникација во медијација
   4.12.Видови на прашања во постапка за медијација
   4.13.Стратегии и стилови на комуникација во постапка за медијација
   4.14.Стратегии како да се одвоиме/дистанцираме од конфликтот
   4.15.Прва фаза:Подготовка-Создавање услови по постапка за медијација-Учесници во постапка на медијација-Посветеност во постапка на медијација од страните и медијаторот
   4.16.Втора фаза:Истражување-Отворени прашања и проблеми за решавање-Комуникацијата во постапката на медијација како предуслов за решавање спор-Намалување на фрустрацијата кај учесниците во постапката на медијација-Наведување информации и факти за спорот-Декларирање интереси на секоја од страните по постапката на медијација-Потреба од напуштање на почетните позиции или промена/свртување
   4.17.Трета фаза:Преговори-Создавање опции од страните во постапката-Разработка на изнесените опции од страните во постапката-Договарање околу опциите што се заеднички или слични-Утврдување објективни критериуми за доаѓање до најдобрата заедничкаопција-Нацрти на потенцијалната заедничка опција-Тестови на реалност
   4.18.Четврта фаза:Завршница-Спогодба е документ за решавање наспорот-Како натаму -потенцијални насоки и совети-Окончување (завршување) на медијацијата
   4.19.Сумирање-Подготовка за медијација во пет чекори-Постапка на медијација во шест чекори
5. **Улога на медијаторот во постапката за медијација; улогата на полномошникот во постапката за медијација; начин на работа со страните во постапката за медијација; и пишување спогодба во постапка намедијација:**
   5.1.Местото на медијаторот во постапката за медијација
   5.2 Услови за стекнување на статус медијатор
   5.3.Карактеристики на медијаторот
   5.4.Разлика меѓу медијатор и судија
   5.5.Стручно усовршување на медијаторот

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

5.6.Предизвици и замки на медијаторот
5.7.Компетентност на медијаторот
5.8.Потребата од ангажирање помошник во медијација
5.9.Кој може да е полномошник на страна учесник во медијација
5.10.Улогата на адвокатот во постапката на медијација
5.11.Полномошно во медијација
5.12.Овластувања за застапување во медијација
5.13.Улогата на медијаторот во постапката на медијација
5.14.Полномошно во медијација
5.15.Овластувања за застапување во медијација
5.16.Улогата на медијаторот кога не е ангажиран полномошник во медијација
5.17.Трошоци на полномошникот в омедијација
5.18.Откажување на полномошно во медијација
5.19.Потребата за соработка на адвокатурата и медијацијата
5.20.Трети лица во постапка на медијација
5.21.Информирање на страните во постапката на медијација
5.22.Стекнување доверба на страните
5.23.Справување со различни видови на страни во спорот
5.24.Водење на постапката за медијација
5.25.Спротивставување на страните за медијација
5.26.Заеднички и одвоени средби
5.27.Кога медијацијата завршува со спогодба, а кога со писмена изјава
5.28.Кој ја изготвува спогодбата во постапката на медијација
5.29.Кога се изготвува писмена изјава во постапка на медијација
5.30.Правен основ во уводот од спогодбата
5.31.Наведување на битни елементи во спогодбата од текот на медијацијата
5.32.Наведување на страните учесници во медијацијата, во спогодбата
5.33.Наведување на интересите на страните учесници во медијацијата, во спогодбата
5.34.Наведување на заемниот интерес на страните со права и обврски за страните учесници во медијацијата
5.35.Специфики на медијацијата кои се внесуваат во спогодбата
5.36.Верификација на спогодбата и нејзино правно значење

Член 16

**Практичната настава за основната обука се одвива по следните наставни методи**:
- Анонимизирани примери и креирани случаи од пракса на медијацијата во Република Северна Македонија,
- Симулација на постапка за медијација во која секој учесник во обуката за времетраењето на обуката мора да биде во улога на медијатор, странка и полномошник на страна во постапка за медијација,
- Вежби за вештини и техники кои што треба да ги поседува медијаторот,
- Активно слушање,
- Начин на поставување на прашања,
- Парафразирање,
- Преформулирање,
- Процес на преговарање,
- Неутралност на медијаторот,
- Балансирање на нерамномерност на моќ на страните.

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Член 17

**Програмата за обука во специфични области се одвива по Програма која ќе биде утврдена со посебен акт од страна на Советот** а врз основа на посебната, специфична област која ќе биде предмет на специфичната обука. Програмата се состои од теоретска и практична настава по следните наставни методи:

-Цел на обуката
-Обновување на знаењето за медијација
-Запознавање со законската регулатива од специфичните области
(согласно член 3 од ово јПравилник)
-Методи, вештини и техники
-Особини на медијаторот
-Директна медијација
-Индиректна медијација
-Практични примери
-Вежби и игра на улоги
-Евалуација

член 18

**Програмата за обука за обучувачи на медијатори се одвива по следната програма:**

- Методи на учење
- Фази на обука
- Потреби на обуката
- Одредување на цели на обуката
- Планирање на обука
- Припрема на материјали за обука
- Припрема на простор за обука
- Карактеристики на ефикасна презентација
- Начини на учење
- Стил на обучувачот
- Дополнителни методи за учење: бура на идеи, предавање, симулација, игра
- студија на случај, презентација, вежби
- Креирање на работилници
- Практични вештини на обучувачот
- Вештина на фасцилитација на група
- Вештина на рефлексија на научено знаење
- Користење на техничка опрема
- Изведување на евалуација на обуката
- Одржување на презентација од страна на учесниците во обуката.

член 19

Сите наведени обуки за медијатори се состојат од теоретска и практична настава. Она што не е утврдено со овој Правилник а треба да е составен дел на Програмите за обука (за сите видови на обуки), Советот ќе го утврдува со дополнителен акт.
Повикот за сите обуки трае најмалку 20 дена и истиот задолжително се објавува на веб страната на Министерството за правда на РСМ како и на сајтот на Комората на медијатори на РСМ, а може да се објави и на веб страната на правното лице кое кое ја врши обуката или на друг соодветен начин за запознавање на јавноста.

член 20

Со влегување во сила на овој Правилник за Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Советот да поднесат барање за акредитација на програми преставуваат да важат Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми донесени од Одборот на седницата одржана на 03.05.2018 година, како и Изменувањата и дополнувањата на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лица кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми донесени на седници на Одборот од 05.06.2018 и 14.12.2020 година.
Акредитациите на програмите за обука издадени согласно со одредбите од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" број 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), продолжуваат да важат согласно со одредбите од Законот за медијација (*).

Член 21

Овој Правилник влегува во сила на датумот на неговото носење и се објавува на веб сајтот на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Бр. 20-12-2023 20-3145/1
_____________ 2023 година

Скопје

Национален координатор за медијација,
д-р **Јелисавета Георгиева Јовевеска**

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ